**Македонски Телеком АД - Скопје**

Во согласност со Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), Предлогот на Одборот на директори за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар (арх. бр. 237724/1 од 28.10.2015 година) и Одлуката на Собранието за распоредување на акумулираната добивка на Друштвото (арх. бр. _____________ од 20.11.2015 година), Собранието на Друштвото, на својата седница одржана на ден 20.11.2015 година, ја донесе следната:

# Предлог Одлука
## за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар

### Член 1

Собранието на Друштвото ја одобрува исплатата на дивиденда во вкупен бруто износ од 1.240.660.224,00 денари (една милијарда двеста четириесет милиони шестотини и шеесет илјади и двеста дваесет и четири денари), која што се распоредува во согласност со Одлука на Собранието за распоредување на добивката со ист датум.
Бруто износот на дивиденда по акција е 14,383648707 денари (четиринаесет денари и триесет и осум дени, заокружено на две децимали).

Друштвото, од бруто износот на дивиденда, доколку е применливо, при исплатата ќе ги задржи и уплати сите даноци, согласно со важечката даночна регулатива во Република Македонија на датумот на исплата.

### Член 2

Датумот на евиденција (пресек) на акционерска книга според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда е 07.12.2015 година.

### Член 3

Последен ден на тргување со право на дивиденда е 02.12.2015 година.

### Член 4

Прв ден на тргување без право на дивиденда е 03.12.2015 година.

### Член 5

Исплатата на дивиденда ќе се изврши во периодот помеѓу 18.12.2015 и 29.12.2015 година.

**Член 6**

Друштвото ќе ги информира акционерите во врска со деталите поврзани со исплатата на дивиденда, со соодветно известување по усвојувањето на Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар од страна на Собранието.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**

**Претседавач**